**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Весна Деловска**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански суд Скопје**
**Основен Кривичен суд Скопје**
**ул.Антоние Грубишиќ бр.2/1-4**
**тел. 02 3111 533**

**Образец бр.29**

**И.бр.488/2020**

Извршителот Весна Деловска од Скопје врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Друштво за производство,трговија и услуги МАГНОПРОМЕТ ДОО увоз-извоз Скопје со ЕДБ 4030000389243 и седиште на ул.Васко Каранѓелевски бр.25/23 преку полномошник Адвокат Наташа Атанасовска од Скопје засновано на извршната исправа – Солемнизација ОДУ број191/18 од 25.4.2018 на Нотар Снежана Сарџовска, против **должникот Друштво за угостителство,трговија и услуги КАПЕЛИ ГРУП ДООЕЛ Скопје со ЕДБ 4080011519944, со ЕМБС 6683657 и седиште на ул.Трајко Китанчев бр.48**, за спроведување на извршување во вредност 875.940,00 ден., на ден 03.01.2022 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва** продажба со усно јавно наддавање на попишаните подвижни предмети и тоа:
-3 големи брачни кревети, 2 мали единечни кревети, 4 мали наткасни, 2 округли маси, 4 столици, 2 фотељи, 4 закачалки, 2 телевизори марка Фаворит, 1 телевизор марка ФИНЛУКС, 2 клими марка Фаворит, 1 клима марка РОЛЛС, 3 двокрилни плакари, 1 висечки елемент со садопер и 1 мало фрижидерче, 3 бојлери, 3 WC шољи со казанчиња, 3 умивалника со вграден долен дел сите сопственост на должникот КАПЕЛИ ГРУП ДООЕЛ Скопје,
со вкупна вредност од **<u>3.020,00 Евра</u>** во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата, која вредност преставува почетна цена за првото усно јавно наддавање,

Заинтересираните лица можат да се обратат во канцеларија на извршителот за увид во спецификација на попишаните и проценети предмети.

**<u>Предметите можат да се продаваат поединечно.</u>**

Предметите се оптоварени со следните товари:Записник за попис и процена И.бр.488/2020 од 15.01.2021 година на Извршител Весна Деловска врз основа на чл.103, 104 и 105 од ЗИ.

Продажбата ќе се одржи на ден **<u>26.01.2022 година во 11:00 часот</u>** во просториите на Извршител Весна Деловска Скопје на ул.Антоние Грубишиќ бр.2/1-4.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 ( една десетина) од утврдената вредност на подвижниот предмет.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на сметка на извршителот со бр.250001002663794 која се води кај Шпаркасе банка Македонија АД Скопје и даночен број МК5080010500763, со назнака гаранција за И.бр.488/20, **најдоцна до 25.01.2022 година. Доказ за извршена уплата на име гаранција е Извод од посебната сметка на Извршителот.**

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Нова македонија и на веб страницата на Комората на извршители на РСМ.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување. Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат со претходна најава кај извршителот. Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Весна Деловска**

Д.-на: доверител, должник, архива

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.